Република Северна Македонија

**Министерство за локална самоуправа**

Врз основа на член 45 став 1 од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019 и 14/2020), Државниот секретар во Министерството за локална самоуправа, донесе

# ОДЛУКА

**за избор по интерен оглас број 03/2023 за унапредување на 1 (еден) административен службеник во Министерството за локална самоуправа**

**1.** За извршител на работно место **Советник за мониторинг и евалуација на ИПА,** со звање Советник и шифра на работно место УПР 01 01 В01 000, се избира кандидатот **Антон Симјановски.**

**2.** Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на веб страната на Министерството за локалната самоуправа.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на добиеното Известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии со архивски број 18-7349/2 од 20.06.2023 година, државниот секретар упати барање со архивски број 04-1624/1 од 03.07.2023 година, за објавување на интерен оглас за унапредување на еден административен службеник во Министерството за локална самоуправа. Одделението за управување со човечки ресурси, објави интерен оглас број 02/2023 за унапредување на 2 (два) административни службеници во Министерството за локална самоуправа, објавен на ден 11.07.2023 година и на веб страницата на Министерството за локална самоуправа и Агенцијата за администрација. Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници од точка 1 на оваа одлука, Комисијата за унапредување на административни службеници, формирани од страна на државниот секретар со Решение бр. 04-1624/10 од 25.07.2023 година, спроведе административна селекција и одржаа интервју со уредниот кандидат кој што ги исполнува условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за локална самоуправа. Врз основа на освоените бодови од административната селекција и освоените бодови од итервјуто, комисијата состави Записник од административна селекција број 04 - 1624/12 од 26.07.2023 година, за интерен оглас број 03/2023 за унапредување на 1 (еден) административен службеник, Записник за унапредување на 1 (еден) административен службеник заради спроведување на интервју по интерен оглас 03/2023 за унапредување на 1 (еден) административен службеник, број 04-1624/13 од 26.07.2023 година и изготви Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат за интерен оглас број 03/2023 за унапредување на 1 (еден) административен службеник број 04-1624/13 од 26.07.2023 година. Врз основа на ранг листата, државниот секретар во Министерството за локална самоуправа донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на оваа одлука, ќе се донесе решение за унапредување за именуваниот од точка 1 на оваа одлука.

<u>ПРАВНА ПОУКА:</u> Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната на Министерството за локална самоуправа.

Државен Секретар
**Кирил Партлов**

**Бр.04-1624/ 16**
**27-07-2023 год.**
**Скопје**

Доставено до:
- Именуваните
- Одделение за управување со човечки ресурси
- Агенција за администрација
- Архива


Министерство за локална самоуправа на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 325 3921
www.mls.gov.mk